Република Северна МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен бр.13 - Виница 2310
Тел. 033 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
Str. Bel Kamen br.13 - Vinica 2310
Phone. +389 (0) 33 361 945
ovinica@t.mk www.vinica.gov.mk

Градоначалникот на Општина Виница постапувајќи по службена должност, а во врска со постапката за назначување на одговорно лице за пријавување корупција во постапките за јавни набавки во Единицата на Локалната самоуправа Виница, согласно член 50 став 1 точка 13 и 14 од Законот за Локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 5/2002) и член 33 и 34 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ“ број 24/2019 и „Службен весник на РСМ“ број 87/2021 и 14/2025), на 01.04.2025 година го донесе следното :

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник
бр. 19-85
02 04 2025 год
ВИНИЦА

РЕШЕНИЕ

За одговорно лице за пријавување корупција во постапките за јавни набавки што ги спроведува и реализира Единицата на Локалната самоуправа Виница СЕ НАЗНАЧУВА М-р. ГОЦЕ АЛЕКСОВ вработен на неопределено време во Единицата на Локалната самоуправа Виница, на работното место Помошник раководител на Сектор за правни и нормативни работи, општи работи и општествени дејности .

Одговорното лице од претходниот став е должно да ги преземе сите потребни мерки во процесот на планирање, во постапката за јавна набавка и при извршување на договорот за јавна набавка, со цел навремено откривање на корупцијата и отстранување или намалување на штетните последици од корупцијата .

Одговорното лице е должно на лицето за јавни набавки, сите наредби и упатства да му ги даде во писмена форма или со користење електронска пошта .

Одговорното лице за пријавување корупција во постапките за јавни набавки, доколку има информации за сторена корупција е должно за тоа веднаш да ја извести Државната комисија за спречување на корупцијата или Јавното обвинителство на Република Северна Македонија .

Одговорното лице за пријавување корупција во постапките за јавни набавки не може да биде Лице за јавни набавки или член на Комисија за јавни набавки во Единицата на Локалната самоуправа Виница .

Решението ќе се применува од **01.04.2025 година** .

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Градоначалникот на општина Виница постапувајќи во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени во Законот за Локалната самоуправа, и согласно член 33 и 34 од Законот за јавните набавки донесе решение како во диспозитивот .

Изработил, Димитар Прокопенко – советник

ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник ,
Миле Петков